МРТ

**_МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА_**

Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје, Тел. 55 11 798, Факс. +55 14 474

**_www.mrt.com.mk_**

Врз основа на член 37-н од Закон за јавните претпријатија (Службен весник на Р.М бр.38/1996, 9/1997, 6/2002, 19/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018), Член 6 став (2) и став (3) од Закон за вработените во јавениот сектор (Службен весник на Р.М бр 27/14, 199/14, 27/16, 35/18) и Правилникот за систематизација на работни места на Јавниот радиодифузен сервис Македонска радиотелевизија со Табеларен приказ на работните места бр.02-3092/2 од 22.04.2016 година, Правилникот за измена и дополнување бр.01-6954/3 од 07.10.2016 година на Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП Македонска Радиотелевизија, Правилникот за измена и дополнување бр.01-2565/1 од 26.04.2018 година на Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП Македонска Радиотелевизија, како и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги бр. 01-2564/1 од 26.04.2018 година, Директорот на МРТ распишува:

ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА СКОПЈЕ
Примено: 28 05 2018
04 2985/4

**ИНТЕРЕН ОГЛАС бр.01/2018**

За пополнување на работно место со унапредување
на 1(еден) давател на јавна услуга во
ЈРП Македонска Радиотелевизија

ЈРП Македонска радиотелевизија објавува интерен оглас за унапредување на 1 (еден) давател на јавна услуга за следното работно место:

1. **Одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ, шифра ИНФ 03 04 А01 001 –** 1 (еден) извршител.

Кандидатите што ќе се пријават на огласот треба да ги исполнуваат општите и посебните услови за вршење на работата предвидени во Закон за јавните претпријатија, Правилникот за систематизација на работни места на Јавниот радиодифузен сервис Македонска радиотелевизија со Табеларен приказ на работните места бр.02-3092/2 од 22.04.2016 година, Правилникот за измена и дополнување бр.01-6954/3 од 07.10.2016 година на Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП Македонска Радиотелевизија, и Правилникот за измена и дополнување бр.01-2565/1 од 26.04.2018 година на Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП Македонска Радиотелевизија

Општи услови:

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови:

- најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- најмалку четири години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката, од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор.

МРТ

***МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА***

Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје, Тел. 55 11 798, Факс. +55 14 474

***www.mrt.com.mk***

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, преку приложување на потврда.

Работно време:

Неделното работно време на Одговорниот уредник се утврдува со работните задачи кои одговараат на полното работно време од 40 часа неделно.

Паричен износ на основната нето плата изнесува **38.429,00** денари.

Заинтересираните кандидати поднесуваат пополнета пријава и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место преку Архивата на МРТ до Одделението за човечки ресурси со назнака „ за интерен оглас број 01/2018"

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Рокот за доставување на пријавите изнесува 5 (пет) работни дена од денот на објавувањето на огласот.

Условите наведени во интерниот оглас, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава нема да биде предмет на разгледување.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка по овој оглас.

Постапката ќе ја спроведе Комисија за селекција за унапредување формирана од страна на Директорот на ЈРП Македонска Радиотелевизија.

Комисијата за селекција за унапредување до Директорот на МРТ ќе достави предлог – одлука за избор на кандидат.

Предложениот кандидат ќе се смета за избран по добиена согласност за именување на одговорен уредник од страна на Програмскиот совет на МРТ согласно член 124, став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а по поднесено барање од Директорот на МРТ и мислење од уредништвото на МРТ.

Интерниот оглас ќе биде објавен на огласната табла на МРТ и на ВЕБ страната на МРТ.